PHILIPS

HD9880

# Упатство за користење

# Содржина

**Важно** 3
Електромагнетни полиња (EMF) 5
Автоматско исклучување 5
**Рециклирање** 6
**Гаранција и поддршка** 6
**Декларација за усогласеност** 6
**Ажурирања на софтверот и фирмверот** 6
**Компатибилност на уредот** 6
**Фабричко ресетирање** 7
**Вовед** 7
**Преглед** 7
**Опис на функциите** 8
**Пред првото користење** 11
**Подготовки пред прва употреба** 12
Поставување на отстранливото мрежесто дно 12
Поврзување на Airfryer со апликацијата NutriU 13
**Користење на апаратот Airfryer** 15
**Користење на термометарот за храна** 18
Поставување на термометарот за храна 18
Мерење на дебелината на храната 20
**Режими на готвење** 21
Програми за автоматско готвење 21
Подготвување домашен помфрит 22
Правење домашен јогурт 22
Рачно готвење 22
Термометар за храна 23
**Одржување топлина** 25
**Мои програми** 25
**Историја на готвење** 25
**Чистење** 26
Табела за чистење 27
**Меморија** 27
**Отстранување на проблеми** 27

# Важно

Пред да го користите апаратот внимателно прочитајте го овој документ со важни информации и зачувајте го за идни потреби.

## Опасност

- Немојте да го поставувате апаратот на или близу до жежок плински шпорет, кој било електричен шпорет и електрични грејни плочи или во загреана рерна.



- Немојте никогаш да го потопувате апаратот во вода ниту да го плакнете под чешма.
- За да спречите струен удар, внимавајте да не навлезе вода или друга течност во апаратот.
- Состојките за пржење секогаш ставајте ги во корпата за да не дојдат во допир со грејните елементи.
- Немојте да ги покривате отворите за влез и излез на воздух додека работи апаратот.
- Немојте да ја полните тавата со масло бидејќи тоа може да предизвика пожар.
- Немојте да го користите апаратот ако е оштетен приклучокот, кабелот за напојување или самиот апарат.
- Никогаш немојте да ја допирате внатрешноста на апаратот додека работи.
- Никогаш немојте да ставате количина на храна што го надминува максималното ниво означено во корпата.
- Секогаш проверувајте дали грејачот е слободен и дали има заглавено храна во грејачот.

## Предупредување

- Во случај на оштетување, кабелот за напојување мора да го замени компанијата Philips, нејзин сервисер или други лица со слични квалификации за да се избегне опасност.
- Апаратот приклучувајте го само во заземјен ѕиден штекер. Секогаш проверувајте дали приклучокот правилно сте го вметнале во штекерот.
- Овој апарат не е наменет за употреба со надворешен тајмер или со засебен систем за далечинско управување.
- Површините што се допираат може да станат врели додека работи



- Овој апарат може да го користат деца постари од 8 години и лица со ограничени физички, сензорни или ментални способности или лица со недостаток на искуство и знаење, под услов да се под надзор или да добиле упатства за безбедно користење на апаратот и да ги разбираат можните опасности. Децата не смеат да си играат со апаратот. Чистење и корисничко одржување смеат да вршат деца постари од 8 години под надзор на возрасно лице.
- Апаратот и кабелот држете ги подалеку од дофат на деца помлади од 8 години.
- Немојте да го потпирате апаратот на ѕид или на други апарати. Оставете најмалку 10 cm слободен простор од задната страна, од двете бочни страни и над апаратот. Не ставајте ништо врз апаратот.
- За време на пржењето со врел воздух, од отворите за излез на воздух се ослободува врела пареа. Држете ги рацете и лицето на безбедно растојание од пареата и од отворите за излез на воздух. Исто така, внимавајте на врелата пареа и воздухот кога ја вадите тавата од апаратот.
- Никогаш не користете лесни состојки или хартија за печење во апаратот.
- Површините што се допираат може да станат врели додека работи апаратот.
- Складирање компири: температурата мора да биде соодветна на складираната сорта компир и мора да биде над 6 °C за да се минимизира ризикот од изложеност на акриламид во подготвената храна.
- Никогаш немојте да ја полните тавата со масло.
- Апаратот е предвиден за употреба при амбиентални температури помеѓу 5 °C и 40 °C.
- Пред да го вклучите апаратот, проверете дали напонот наведен на апаратот одговара на напонот на локалната електрична мрежа.
- Кабелот за напојување држете го подалеку од жешки површини.
- Немојте да го поставувате апаратот на или близу до запаливи материјали како што се чаршаф или завеса.
- Апаратот употребувајте го единствено за намените опишани во овој прирачник и користете само оригинални додатоци од Philips.
- Не оставајте апаратот да работи без надзор.
- Тавата, корпата и додатоците стануваат врели во текот на и по користењето на апаратот, секогаш ракувајте со нив внимателно.
- Пред првото користење на апаратот темелно исчистете ги деловите што доаѓаат во допир со храната. Погледнете ги упатствата во прирачникот.

**Внимание**

- Овој апарат е наменет само за стандардна употреба во домаќинства. Не е наменет за употреба во опкружувања како што се кујни за персонал во продавници, канцеларии, фарми или други работни опкружувања. Не е наменет ниту за употреба од клиенти во хотели, мотели, угостителски објекти кои нудат ноќевање и појадок и други видови сместување.

- Секогаш исклучувајте го апаратот од напојувањето ако го оставате без надзор, како и пред склопување, расклопување, складирање или чистење.
- Поставете го апаратот на хоризонтална, рамна и стабилна површина.
- Ако апаратот се користи неправилно, ако се користи за професионални или полупрофесионални цели или ако не се користи во согласност со упатствата во прирачникот за корисници, гаранцијата ќе биде поништена и Philips нема да прифати одговорност за настанатата штета.
- Ако е потребна проверка или поправка на апаратот, секогаш носете го во овластен сервисен центар на Philips. Не обидувајте се сами да го поправате апаратот, во спротивно гаранцијата ќе биде поништена.
- Секогаш исклучувајте го апаратот од штекер по користењето.
- Оставете го апаратот да се олади приближно 30 минути пред да ракувате со него или да го чистите.
- Внимавајте состојките подготвени во овој апарат да бидат златножолти, а не темни или кафени. Отстранете ги загорените остатоци. Не пржете свежи компири на температура поголема од 180 °C (за да создавањето на акриламид се сведе на минимум).
- Бидете внимателни кога го чистите горниот дел на комората за готвење: заштита од прскање, жежок греен елемент, раб на металните делови.
- Секогаш проверувајте дали храната е целосно испржена во апаратот Airfryer.
- Погрижете се секогаш да имате контрола над вашиот Airfryer, како и кога ја користите функцијата за далечинско управување или за одложено активирање.
- Кога пржите мрсна храна, апаратот Airfryer може да испушта дим. Бидете особено внимателни кога ја користите функцијата за далечинско управување или за одложено активирање.
- Погрижете се само едно лице истовремено да ја користи функцијата за далечинско управување.
- Бидете внимателни кога готвите лесно расиплива храна со функцијата за одложено активирање (може да се размножат бактерии).

## Електромагнетни полиња (EMF)

Овој апарат е усогласен со важечките стандарди и прописи што се однесуваат на изложеноста на електромагнетни полиња.

## Автоматско исклучување

Апаратот Airfryer има функција за автоматско исклучување. Апаратот ќе премине во режимот на подготвеност доколку не се користи подолго од 10 минути ако е вклучен, но не е активиран режимот за готвење или одржување на топлината. За да го исклучите апаратот рачно, притиснете долго на ротирачкиот регулатор.

## Рециклирање

- Овој симбол означува дека електричните производи не смее да се фрлаат со обичниот отпад од домаќинствата. (Сл. 1)
- Придржувајте се до законите во вашата земја за одделно собирање на електричните производи.



## Гаранција и поддршка

Philips нуди 2-годишна гаранција за овој производ по купувањето. Оваа гаранција престанува да важи ако дефектот се должи на неправилно користење или несоодветно одржување. Повеќе информации се достапни на интернет, посетете ја нашата веб-страница **www.philips.com/support**.

## Декларација за усогласеност

Во овој документ, компанијата DAP B.V. изјавува дека Airfryer HD9880 е усогласен со Директивата 2014/53/EU.
Целосниот текст на декларацијата за усогласеност на ЕУ е достапен на следната интернет-адреса: **https://www.philips.com**.
Апаратот Airfryer HD9880 е опремен со Wi-Fi-модул, 2,4 GHz 802.11 b/g/n со максимална излезна моќност од 92,9 mW EIRP.

## Ажурирања на софтверот и фирмверот

Ажурирањето е важно за заштита на вашата приватност и за правилно работење на апаратот Airfryer и на апликацијата.
Секогаш ажурирајте ја апликацијата со најновата верзија.
Апаратот Airfryer го ажурира фирмверот на апаратот автоматски.

**Забелешка**

- За да овозможите ажурирање на апаратот Airfryer со најновата верзија на фирмверот, проверете дали Airfryer е поврзан со домашната WiFi-мрежа.
- Секогаш користете ги најновата апликација и фирмвер.
- Ажурирања се достапни кога има подобрувања за софтверот.
- Ажурирањето на фирмверот започнува автоматски кога апаратот Airfryer е во режим на подготвеност. Ажурирањето трае неколку минути. Во текот на овој период апаратот Airfryer не може да се користи.

## Компатибилност на уредот

За детални информации во врска со компатибилноста на апликацијата, погледнете ги информациите во App Store.

## Фабричко ресетирање

За фабричко ресетирање на Airfryer, изберете ја функцијата за фабричко ресетирање во менито Алатки → Поставки.
Потоа апаратот Airfryer повеќе не е поврзан со вашата домашна Wi-Fi-мрежа и не е впарен со вашиот паметен уред.

## Вовед

Ви честитаме за купувањето и добре дојдовте во Philips!
За да ја искористите целосната поддршка што ја нуди Philips, регистрирајте го вашиот производ на **www.philips.com/welcome**.

## Преглед



1. Контролна табла
    A. Индикатор за WiFi
    B. Копче за враќање
    C. Ротирачки регулатор
    D. Екран
2. Приклучок за термометар за храна
3. Фиока
4. Отстранливо мрежесто дно
5. Корпа со отстранливо мрежесто дно
6. Тава
7. Преграда за чување на кабелот
8. Отвори за излез на воздух
9. Отвор за влез на воздух
10. Ознака за ниво на исполнетост
11. Термометар за храна
12. Заштита од прскање

## Опис на функциите

### Копче за враќање и ротирачки регулатор

Ротирачкиот регулатор е централната контрола. Можете да го завртите и притиснете за да се движите низ различни опции на менито и да потврдите дејство.

**Кратко притиснете го ротирачкиот регулатор**: за вклучување на апаратот.

**Долго притиснете го ротирачкиот регулатор**: за исклучување на апаратот.

Откако е вклучен апаратот:

**Притиснете го ротирачкиот регулатор**: за потврдување на дејство.

**Завртете го ротирачкиот регулатор**: за да се движите низ различни опции на менито или да ги смените поставките за готвење.

**Кратко притиснете го копчето за враќање**: за да се вратите на претходниот чекор.

**Долго притиснете го копчето за враќање**: за да се вратите на главното мени.



## Програми за автоматско готвење

Програмите за автоматско готвење се една од клучните функции на вашиот Airfryer. Можете да изберете многу прехранбени производи. Поставете го нивото на исполнетост за вашите состојки или кажете му на апаратот Airfryer колку парчиња (на пример, пилешки батаци) сте ставиле во корпата и апаратот Airfryer автоматски ќе ја зготви храната.
Ако е потребна интеракција за време на готвењето (на пр., тресење помфрит), апаратот Airfryer ќе ве извести.

## Термометар за храна



Вашиот Airfryer е опремен со термометар за храна кој може да се користи за готвење на храната до посакуваното ниво на подготвеност.
Ставете еден крај од термометарот за храна во храната и другиот крај во приклучокот за термометар за храна (видете го поглавјето „термометар за храна“).
Можете да го користите термометарот за храна во режимите за готвење „**Термометар за храна**“ и во „**Програми за автоматско готвење**“.

## Време на готвење

Во режимот за готвење „**Рачно готвење**“ можете да го прилагодите времето на готвење од 1 до 180 минути.
Во режимот за готвење „**Програми за автоматско готвење**“, не морате да поставите време на готвење бидејќи програмата за автоматско готвење ја готви храната врз основа на големината на порцијата или посакуваното ниво на подготвеност.
Во режимот на готвење „**Термометар за храна**“, не морате да поставите време на готвење бидејќи готвењето автоматски завршува штом се достигнува поставената температура на термометарот за храна.

## Температура на готвење

Во режимите на готвење „**Рачно готвење**“ и „**Термометар за храна**“ можете да ја поставите температурата на готвење од 40 °C до 200 °C.
Во режимот на готвење „**Програми за автоматско готвење**“, не морате да поставите температура на готвење бидејќи температурата на готвење се поставува автоматски.

## Централна температура

Во режимот на готвење „**Термометар за храна**“, можете да ја поставите централната температура на храната. Температурата во средината на храната ќе ја достигне поставената централна температура на крајот од процесот на готвење.

**Забелешка**

- Централната температура не е еднаква со температурата на готвење.

## Мала и голема брзина на воздухот

Вашиот Airfryer доаѓа со две различни поставки за брзина на воздухот, мала брзина на воздухот () и голема брзина на воздухот ().
Во режимот на готвење „**Програми за автоматско готвење**“, брзината на воздухот се поставува автоматски.
Во режимите на готвење „**Рачно готвење**“ или „**Термометар за храна**“, потребно е рачно да ја поставите брзината на воздухот.
За типични јадења што се подготвуваат долго време во рерна, како лазања, печење, торти итн., користете ја малата брзина на воздухот. За типична употреба на Airfryer, како за помфрит, пилешки медаљони, рибни прсти за кои не е потребно долго време на готвење, користете ја големата брзина на воздухот.

## Функција за одржување на топлината

Вашиот Airfryer има режим за одржување топлина. Можете да го активирате одржувањето топлина директно по готвењето или да се префрлите кон одржувањето топлина од главното мени.

## Мои програми

Можете да ги зачувате вашите омилени програми за автоматско готвење, поставки за рецепти или поставки за рачно готвење под „**Мои програми**“. Вашата листа може да зачува најмногу 20 ставки. Изберете ставка и почнете веднаш да готвите.

## Историја на готвење

Можете да ги видите неодамна зготвените јадења во „**Историја на готвење**“. Можете да ги видите последните 20 ставки во историјата на готвење. Изберете ставка и почнете веднаш да готвите.

### Функција за оценување

Можете да ги оцените програмите за автоматско готвење и сите рецепти од NutriU по готвењето. Оценката автоматски се зачувува и можете да ја најдете во „**Мои програми**“ и во „**Историја на готвење**“. Вашата оценка ќе ги подобри програмите за автоматско готвење и рецептите.

### Потсетник за чистење

Понекогаш, ќе добиете потсетник дека треба да ја исчистите внатрешноста на апаратот Airfryer. Можете да го оневозможите потсетникот за чистење во „**Поставки**“.

### Потсетник за тресење

Кога готвите со рачно поставување, ќе добиете потсетник за тресење откако ќе помине половина од поставеното време на готвење. Можете да го оневозможите потсетникот за тресење во „**Поставки**“.

### Звучни известувања

Повремено ќе слушнете звук, на пример ако апаратот завршил со готвењето или ако треба да се направи следниот чекор, како на пример, тресење или превртување на храната.

### Волшебник за текст

Сите менија што се појавуваат на екранот содржат волшебник за текст којшто ви помага да се движите низ менито.

## Пред првото користење

1. Отстранете ја целата амбалажа.
2. Отстранете ги налепниците или ознаките (ако ги има) од апаратот.
3. Отстранете ја заштитната фолија од екранот.
4. Темелно исчистете го апаратот пред првата употреба (видете го поглавјето „чистење“).

## Поставување на отстранливото мрежесто дно

1. Извлечете ја фиоката така што ќе ја повлечете за рачката.



2. Извадете ја корпата така што ќе ја подигнете за рачката.



3. Вметнете го отстранливото мрежесто дно во отворот на десната долна страна од корпата. Туркајте го мрежестото дно надолу сè додека не легне на место („кликнување“ на двете страни).




4. Ставете ја корпата во тавата.



5. Турнете ја фиоката во апаратот Airfryer држејќи ја за рачката.



**Забелешка**

- Никогаш не користете ја тавата без корпата.

## Поврзување на Airfryer со апликацијата NutriU

**Важно**

- **Паметниот уред треба да ви биде поврзан со домашната WiFi-мрежа пред да започнете со процесот на поставување на WiFi.**

1. Вклучете го апаратот



2. Притиснете го ротирачкиот регулатор за да го вклучите апаратот.




**Забелешка**

- Кога го вклучувате апаратот првпат, избирате јазик.
- Можете да го смените јазикот во секое време во менито „**Поставки**“.

3. Движете се низ листата додека не се подвлече саканиот јазик.
4. Притиснете го ротирачкиот регулатор за да потврдите и да продолжите.
5. Изберете ја единицата за тежина и температура од листата.

**Забелешка**

- Следниот екран ви дава можност веднаш да го поврзете апаратот со паметниот уред или да оставите за подоцна.

6. Ако решите да го поврзете апаратот со вашиот паметен уред веднаш, движете се до опцијата „**Да**“.

**Забелешка**

- Ве советуваме да ја преземете апликацијата NutriU и да го додадете вашиот апарат Airfryer во апликацијата штом го поставите апаратот за првпат. Ова ви овозможува да го користите апаратот Airfryer целосно, на пример, за да уживате во далечинско готвење (започнете рецепти или програми за автоматско готвење од апликацијата, добијте известување кога храната е подготвена итн.) и за да ги добиете најновите ажурирања на фирмверот.

7. Се прикажува QR-код. Скенирајте го и преземете ја апликацијата NutriU.

**Совет**

- Апликацијата NutriU можете да ја преземете и од App Store или од веб-страницата **www.philips.com/NutriU**.

8. Отворете ја апликацијата NutriU и следете го процесот на регистрација.
9. Следете ги чекорите од апликацијата за да го поврзете апаратот Airfryer со вашата WiFi-мрежа и да го впарите со вашиот паметен уред.

**Важно**

- **Далечинско управување: можете далечински да управувате со апаратот Airfryer преку апликацијата (на пр. да испратите рецепт, да паузирате со готвењето) само ако сте ја избрале опцијата „согласност за далечинско ракување“ на вашиот профил NutriU во апликацијата NutriU.**
- **Апаратот Airfryer треба да го поврзете со домашна Wi-Fi-мрежа од 2,4 GHz 802.11 b/g/n.**
- **Впарување со еден корисник: со апаратот Airfryer истовремено далечински може да ракува само еден корисник. Ако со Airfryer сака да ракува друг корисник и да ја користи апликацијата NutriU, корисникот мора да ги следи чекорите од процесот за впарување. По впарувањето, впарувањето со првиот корисник автоматски ќе прекине.**
- **Процесот на поставување Wi-Fi може да го откажете преку апликацијата или доколку го исклучите Airfryer од штекер.**

## Индикатор за WiFi

| | |
|---|---|
| Индикаторот за WiFi е исклучен. | WiFi-врската е оневозможена. |
| Индикаторот за WiFi е вклучен. | WiFi-врската е овозможена и воспоставена со рутерот. |
| Индикаторот за WiFi трепка бавно. | Поврзувањето со WiFi е во тек. |
| Индикаторот за WiFi трепка брзо. | Грешка во поврзувањето со WiFi. |

**Забелешка**

- Можете да го вклучите или исклучите WiFi во Поставки - Поставки за WiFi - ВКЛУЧИ / ИСКЛУЧИ WiFi.
- Можете да го започнете поставувањето на WiFi во Поставки - Поставки за WiFi - Режим за поставување на WiFi.

# Користење на апаратот Airfryer

**Внимание**

- **Ова е Airfryer којшто пржи со врел воздух. Немојте да ја полните тавата со масло, маст за пржење или друга течност.**
- **Не допирајте ги жешките површини. Користете ги рачките или дршките. Носете заштитни ракавици кога ракувате со врелата тава.**
- **Овој апарат е наменет само за употреба во домаќинства.**
- **Овој уред може да испушта чад при првото користење. Тоа е нормално.**
- **Не е потребно претходно загревање на апаратот.**

1. Ставете го апаратот на стабилна, хоризонтална и рамна површина којашто е отпорна на топлина. Проверете дали фиоката може целосно да се извлече.

**Забелешка**

- Не поставувајте ништо врз или од страните на апаратот. Тоа може да го попречи протокот на воздух и да влијае на пржењето.

2. Извлечете го кабелот за напојување од преградата за чување на кабелот на задната страна од апаратот.



3. Вметнете го приклучокот во ѕидниот штекер.



4. Извлечете ја фиоката така што ќе ја повлечете за рачката.



5. Ставете ги состојките во корпата.




**Забелешка**

- Немојте да ја полните корпата над индикаторот „MAX“ бидејќи ова може да влијае на квалитетот на крајниот резултат.

6. Турнете ја фиоката во апаратот Airfryer.



7. Притиснете го ротирачкиот регулатор за да го вклучите апаратот.




8. Изберете го начинот на готвење кој го сакате (погледнете во поглавјето „Режими на готвење“).

9. Следете ги чекорите на екранот. Чекорите варираат врз основа на избраниот режим на готвење.

**Внимание**

- **Никогаш не користете ја тавата без корпата во неа. Ако го загревате апаратот без корпа, користете заштитни ракавици за да ја извлечете фиоката. Рабовите и внатрешноста на фиоката многу се вжештуваат.**
- **Не допирајте ја тавата и корпата за време на користењето и одредено време по употребата, бидејќи се многу жешки.**

10. Притиснете го ротирачкиот регулатор за да започнете со готвењето или свртете го ако сакате да смените поставка за готвење. Поставката што може да се смени е осветлена на екранот. Притиснете го ротирачкиот регулатор и завртете го за да ги промените поставките.
11. Кога ќе го слушнете ѕвончето на тајмерот, време е да ја протресете храната или времето на готвење изминало.

**Забелешка**

- Секогаш проверувајте дали храната е соодветно зготвена пред да ја послужите.



- Некои програми за автоматско готвење ве известуваат кога е потребно да ја тресете или завртите храната. Апаратот Airfryer ќе испрати звучен сигнал кога е време за тресење или вртење.
- Најдобриот начин за тресење е да ја отворите фиоката и да ја кренете корпата од тавата и да ја протресете. Тогаш, вратете ја тавата со корпата назад во апаратот. Апаратот автоматски ќе продолжи со готвење.
- За да откажете тековен процес, вратете се кон главното мени со тоа што ќе го притиснете копчето за враќање ().

**12.** Извлечете ја фиоката така што ќе ја повлечете за рачката и проверете дали се готови состојките.



**Забелешка**

- Ако состојките сè уште не се готови, турнете ја тавата во апаратот Airfryer за рачката и додајте неколку дополнителни минути преку опцијата за „**Додајте повеќе време**“.

**13.** За да ги отстраните малите состојки (на пр. помфрит), извадете ја корпата од тавата држејќи ја за рачката.



**Внимание**

- **Откако ќе заврши процесот на готвење, тавата, корпата, внатрешноста и состојките се жешки. Во зависност од видот на состојките во Airfryer, од тавата може да излезе пареа.**

**14.** Истурете ја храната од корпата во сад или на чинија. Секогаш отстранувајте ја корпата од тавата за да ја истурите храната бидејќи на дното од тавата може да има врело масло.



**Забелешка**

- За да отстраните големи или кршливи состојки, користете штипалка за да ги подигнете состојките.
- На дното од тавата се собира вишокот масло или маста од состојките.
- Во зависност од видот на зготвените состојките, можеби ќе сакате внимателно да го истурите вишокот масло или маснотии од тавата по секоја количина, или пред да ја протресете или повторно да ја ставите корпата во тавата. Ставете ја корпата на површина отпорна на топлина. Подигнете ја тавата со заштитни ракавици и ставете ја на површина отпорна на топлина. Истурете го вишокот масло или маснотиите од храната. Вратете ја тавата во фиоката и корпата во тавата.
- Кога една количина состојки е подготвена, Airfryer е веднаш подготвен за подготовка на друга количина.

# Користење на термометарот за храна

## Поставување на термометарот за храна

Термометарот за храна може да се користи за бифтек, месни котлети, пилешки гради, филети од риба итн.
Исчистете го термометарот за храна пред и по употреба - со топла вода и сапун.

1. Ставете го термометарот во средината на најдебелиот дел од храната.



**Забелешка**

- Осигурете се дека врвот на термометарот е во средината на најдебелиот дел од храната, наместо да е поставен на агол кон дното или врвот.




- Осигурете се дека термометарот е блиску до, но не ја допира коската и дека е подалеку од масти или 'рскавици.
- Средината на филето можеби не е најдебелиот дел. Важно е термометарот да е поставен во најдебелиот дел за да се постигнат посакуваните резултати.
- Кога пржите цело пиле на воздух, осигурете се дека сондата не ја пробива целосната површина на градите во шуплината.
- Не користете го термометарот за храна ако храната не е подебела од 2 cm.

**Совет**

- Следете ги чекорите подолу за да ја движите сондата кон средината на храната.
  1. Фатете ја металната дршка на термометарот и лоцирајте го врвот кон средината на храната.
  2. Држете ги прстите на истото место и вметнете ја сондата во центарот на најдебелиот дел од храната.





**Забелешка**

- Во зависност од храната, не е секогаш потребно целосно да ја вметнете металната дршка на термометарот.

**Внимание**

- **Врвот на термометарот за храна е остар.**

| Што треба да правите | Што не треба да правите |
| --- | --- |
|  |  |

## Мерење на дебелината на храната

Можете да го користите термометарот за храна за да ја измерите дебелината на храната.

1. Ставете го термометарот за храна покрај храната и проверете која ознака го достигнува врвот на храната.



2. Поставете ја вредноста во Airfryer од 1 до 6 кога се појавува прашање за дебелината ако готвите со програма за автоматско готвење.



## Режими на готвење

| Режим | | Како се користи |
|---|---|---|
| Програми за автоматско готвење | | Изберете ја програмата за автоматско готвење од листата. Следете ги чекорите на апаратот. Програмите за автоматско готвење автоматски ги пресметуваат сите параметри за готвење врз основа на вашите внесувања, како што е нивото на исполнетост или бројот на парчиња. Потоа, започнете со готвење. |
| Рачно готвење | | Рачно поставете го времето на готвење, температурата и брзината на воздухот и почнете да готвите. |
| Термометар за храна | | Рачно поставете ја централната температура, температурата на готвење и брзината на воздухот и почнете да готвите. |

### Програми за автоматско готвење

1. Завртете го ротирачкиот регулатор додека не се избере „Програми за автоматско готвење“. Притиснете го ротирачкиот регулатор за да влезете во овој режим.
2. Притиснете го ротирачкиот регулатор за да потврдите.
3. Завртете го ротирачкиот регулатор за да ја изберете потребната програма за автоматско готвење. Притиснете го ротирачкиот регулатор за да потврдите.
4. Изберете ја количината на храна што сте ја ставиле во корпата.

**Забелешка**

- Врз основа на храната, може да е потребно да го поставите нивото на исполнетост, парчињата, тежината, дебелината и/или нивото на подготвеност.
- Користете ги ознаките во корпата како појдовна точка за да го поставите соодветното ниво на исполнетост.
- Пред да го изберете нивото на исполнетост, осигурете се дека храната е еднакво дистрибуирана во корпата.
- Превртете/протресете ја храната ако апаратот назначи дека тоа е потребно. Чувајте ја фиоката отворена што е можно пократко.
- Кога ќе изберете ниво на подготвеност на програма за автоматско готвење, потребно е да го користите термометарот за храна.
- За одредени програми за автоматско готвење, потребно е да ја внесете тежината на храната. Користете вага за да ја одредите тежината, или погледнете на задната страна од храната за да ја пронајдете тежината.

## Подготвување домашен помфрит

За да направите одличен домашен помфрит во Airfryer:

- Изберете сорта на компир соодветна за правење помфрит, на пр. свежи, (малку) брашнести компири.
- Најдобро е помфритот да се пржи со врел воздух до ниво на исполнетост 4 за рамномерен резултат.

1. Излупете ги компирите и исечкајте ги во форма на стапчиња. Поголемиот помфрит обично е помалку крцкав од помалиот помфрит.
2. Потопете ги стапчињата од компир во сад со вода најмалку 30 минути.
3. Испразнете го садот и исушете ги стапчињата од компир со крпа за садови или со хартиена крпа.
4. Сипете една супена лажица масло за јадење во садот, ставете ги стапчињата во садот и мешајте сѐ додека стапчињата не се премачкаат со масло.
5. Отстранете ги стапчињата од садот со прсти или кујнски прибор со дупчиња за вишокот масло да остане во садот.

**Забелешка**

- Немојте да го навалувате садот за да ги истурите сите стапчиња во корпата одеднаш за да вишокот масло не влезе во тавата.

6. Ставете ги стапчињата во корпата.
7. Стартувајте ја програмата за автоматско готвење за домашен помфрит и протресете го кога ќе бидете известени.

## Правење домашен јогурт

1. Измешајте 1 3/4 литри млеко и 3 супени лажици јогурт во чинија. Осигурете се дека маслеността на млекото и јогуртот е иста.
2. Ставете 150-200 ml во сите мали чаши и затворете со капак.
3. Ставете ги чашите во корпата на апаратот Airfryer и затворете ја фиоката.
4. Стартувајте „Програма за автоматско готвење“ - „Јогурт“ (Неочекуваното->Млечни производи->Јогурт).
5. За ферментацијата ќе бидат потребни приближно 8 часа. Не отворајте го апаратот Airfryer во меѓувреме.
6. Ставете ги чашите во фрижидерот и уживајте во домашниот јогурт кога ќе се излади.

## Рачно готвење

1. Вртете го ротирачкиот регулатор додека не изберете „Рачно готвење“. Притиснете го ротирачкиот регулатор за да влезете во овој режим.

2. Приспособете го времето со вртење на ротирачкиот регулатор. Можете да изберете време од 1 до 180 минути. Потврдете со тоа што ќе го притиснете ротирачкиот регулатор.

3. Приспособете ја температурата со тоа што ќе го завртите ротирачкиот регулатор. Можете да изберете температура од 40 °C до 200 °C. Потврдете со тоа што ќе го притиснете ротирачкиот регулатор.
4. Приспособете ја брзината на воздухот со тоа што ќе го завртите ротирачкиот регулатор. Можете да изберете меѓу мала и голема брзина на воздухот. Потврдете со тоа што ќе го притиснете ротирачкиот регулатор.
   - Потоа се прикажува преглед на избраните параметри за готвење. Ако сакате да смените поставка за готвење, свртете го ротирачкиот регулатор кон параметарот што сакате да го смените. Притиснете и завртете за да го смените параметарот. Откако ќе ги потврдите сите параметри за готвење, притиснете го ротирачкиот регулатор за да започнете со готвењето. Ќе го видите тајмерот како одбројува.

**Забелешка**
- Ако сакате да добиете потсетник за тресење откако ќе измине половина од времето на готвење, проверете дали е овозможен потсетникот за тресење.
- Можете да го паузирате вашиот Airfryer со притискање на ротирачкиот регулатор за време на готвењето. За да ги приспособите параметрите, следете ги горенаведените чекори. За да продолжите со готвење, повторно притиснете го ротирачкиот регулатор.

## Термометар за храна

1. Вртете го ротирачкиот регулатор додека не изберете „Термометар за храна“. Притиснете го ротирачкиот регулатор за да влезете во овој режим.
2. Приспособете ја саканата централна температура (што се мери на врвот на термометарот за храна) со вртење на ротирачкиот регулатор. Можете да изберете температура од 30 до 99 °C. Потврдете со тоа што ќе го притиснете ротирачкиот регулатор.
   - Ќе видите анимации за тоа каде е најдоброто место за поставување на врвот на сондата за температура во вашата храна и како кабелот се движи од комората за готвење кон надворешноста за да може да се затвори фиоката.
3. Приклучете го кабелот во приклучокот за термометарот за храна.

**Забелешка**
- Потврдете го прескокнувањето на анимациите со притискање на ротирачкиот регулатор.

4. Завртете го ротирачкиот регулатор за да ја приспособите температурата на готвење. Можете да изберете температура од 40 °C до 200 °C. Потврдете со тоа што ќе го притиснете ротирачкиот регулатор.
5. Приспособете ја брзината на воздухот со тоа што ќе го завртите ротирачкиот регулатор. Можете да изберете меѓу голема брзина на воздухот (⊛) и мала брзина на воздухот (⊛). Потврдете со тоа што ќе го притиснете ротирачкиот регулатор.
6. Потоа се прикажува преглед на избраните параметри за готвење. Ако сакате да смените поставка за готвење, свртете го ротирачкиот регулатор кон параметарот што сакате да го смените. Притиснете и завртете за да го смените параметарот. Притиснете го ротирачкиот регулатор за да започнете со готвењето.

**Забелешка**

- Ќе ја видите вистинската централна температура на вашата храна и целната температура наизменично една покрај друга со тајмерот што одбројува нагоре.

Табелата подолу ви дава насоки за тоа која централна температура да ја поставите.

| Прехранбен производ | Ниво на подготвеност | Централна температура |
|---|---|---|
| Општа живина | Печено | 80-85 °C |
| Гради од живина | Сочно | 70-74 °C |
| Јунешко, телешко, јагнешко, срнешко | Слабо печено | 45-50 °C |
| | Средно | 55-60 °C |
| | Добро испечено | 65-70 °C |
| Општо свинско | Печено | 70-73 °C |
| Свинско филе | Средно | 58-63 °C |
| Риба | Прозирна | 50-55 °C |
| | Печена | 60-65 °C |
| Цел компир | Печен | 92-95 °C |
| Леб | Печен | 90-95 °C |

**Забелешка**

- Предложената централна температура не мора да соодветствува со безбедната минимална внатрешна температура на храната.
- Внатрешната температура на зготвената храна ќе продолжи да се крева неколку степени откако храната ќе биде извадена од апаратот.

## Одржување топлина

1. Вртете го ротирачкиот регулатор додека не изберете „Одржување топлина“. Притиснете го ротирачкиот регулатор за да влезете во овој режим.

**Забелешка**

- За да го смените времето за одржување топлина, завртете го ротирачкиот регулатор. Притиснете го и завртете го ротирачкиот регулатор за да го приспособите времето за одржување топлина. Можете да поставите време за одржување топлина од 1 до 30 минути. Притиснете го ротирачкиот регулатор за да го потврдите поставеното време за одржување топлина.

2. Притиснете го ротирачкиот регулатор за да започнете со одржувањето топлина.

**Забелешка**

- Можете да го паузирате одржувањето топлина со притискање на ротирачкиот регулатор.

## Мои програми

1. Вртете го ротирачкиот регулатор додека не изберете „Мои програми“. Притиснете го ротирачкиот регулатор за да влезете во овој режим.
2. Завртете го ротирачкиот регулатор кон саканата програма. Ако се задржите на една програма, се појавуваат параметрите за готвење.
3. Притиснете го ротирачкиот регулатор за да влезете во саканата програма. За да започнете со готвење, притиснете го повторно ротирачкиот регулатор.
   - Завртете го и притиснете го ротирачкиот регулатор за да ја отстраните или преименувате програмата.

## Историја на готвење

1. Вртете го ротирачкиот регулатор додека не изберете „Историја на готвење“. Притиснете го ротирачкиот регулатор за да влезете во овој режим.
2. Завртете го ротирачкиот регулатор кон саканата ставка. Ако се задржите на една ставка, се појавуваат параметрите за готвење.
3. Притиснете го ротирачкиот регулатор за ја внесете саканата ставка. За да започнете со готвење, притиснете го повторно ротирачкиот регулатор.
   - Завртете го и притиснете го ротирачкиот регулатор за да го додадете кон „Мои програми“.

# Чистење

**Предупредување**

- **Почекајте корпата, тавата и внатрешноста на апаратот целосно да се оладат пред да започнете со чистење.**
- **Тавата и корпата на апаратот се обложени со нелеплив слој. Немојте да користите метален кујнски прибор или абразивни материјали за чистење бидејќи може да го оштетат нелепливиот слој.**

**Совет**

- Извадете ги тавата и корпата за да овозможите побрзо ладење на Airfryer.

1. Исфрлете ги маснотиите или маслото од дното на тавата.
2. Исперете ги тавата и корпата во машина за садови. Можете да ги исчистите и со топла вода, течност за миење садови и неабразивен сунѓер (погледнете во „Табела за чистење“).

**Совет**

- Ако остатоци од храна се залепат на тавата или корпата, можете да ги потопите во врела вода и течност за миење садови 10–15 минути. Потопувањето ги омекнува остатоците од храната и го олеснува нивното отстранување. Користете течност за миење садови што може да ги раствори маслото и маснотиите. Ако има дамки од маснотии на тавата или корпата и не сте можеле да ги отстраните со врела вода и течност за миење садови, користете течен одмастувач.
- Доколку е потребно, остатоците од маст што се залепени заштитата од прскање може да се отстранат со сунѓер или четка со влакна.

3. Избришете ја надворешноста на апаратот со влажна крпа. Контролната табла треба да биде целосно сува. Избришете ја контролната табла со крпа откако ќе ја исчистите.
4. Исчистете ја заштитата од прскање со сунѓер или четка за чистење за да ги отстраните сите остатоци од маст.
5. Исчистете ја внатрешноста на апаратот со врела вода и неабразивен сунѓер.

## Табела за чистење

| |  |  |  |
|---|---|---|---|
|  | ✓ | ✓ | ✗ |
|  | ✓ | ✓ | ✗ |
|  | ✓ | ✓ | ✗ |
|  | ✓ | ✗ | ✓ |

# Меморија

1. Исклучете го апаратот од штекер и оставете го да се олади.
2. Проверете дали сите делови се чисти и суви пред да ги складирате.
3. Вметнете го кабелот во преградата за чување на кабелот.

**Забелешка**

- Секогаш држете го апаратот Airfryer хоризонтално кога го носите. Не заборавајте да ја држите фиоката и за предниот дел од апаратот бидејќи може да испадне од апаратот ако случајно ја навалите надолу. Тоа може да предизвика оштетување на фиоката.
- Секогаш проверувајте дали отстранливите делови на Airfryer, на пр. отстранливото мрежесто дно итн., се прицврстени пред да го носите и/или складирате.

# Отстранување на проблеми

Во ова поглавје се опишани најчестите проблеми со кои може да се соочите при користење на апаратот. Ако не можете да го решите проблемот со помош на информациите наведени подолу, посетете ја веб-страницата **www.philips.com/support** за да најдете листа на најчести прашања или обратете се на центарот за корисничка поддршка во вашата земја.

| Проблем | Можна причина | Решение |
|---|---|---|
| Надворешноста на апаратот се вжештува за време на употребата. | Топлината од внатрешноста се шири кон надворешните sидови. | Тоа е нормално. Рачките и копчињата коишто ги допирате за време на употребата нема да бидат топли на допир. |
| | | Тавата, корпата и внатрешноста на апаратот секогаш се вжештуваат кога апаратот е вклучен за да може храната соодветно да се зготви. Овие делови се секогаш врели на допир. |
| | | Ако апаратот е вклучен подолго време, некои делови стануваат врели на допир. Овие делови на уредот се обележани со следната икона:  Ако имате предвид дека одредени делови се вжештуваат и не ги допирате, уредот е целосно безбеден за употреба. |
| Домашниот помфрит не ми излегува како што очекував. | Не сте ја користеле соодветната сорта на компир. | За да добиете најдобри резултати, користете свеж брашнест компир. Ако треба да ги складирате компирите, немојте да ги чувате во ладна средина како, на пример, во фрижидер. Изберете компири на чие пакување пишува дека се погодни за пржење. |
| | Количината на состојки во корпата е преголема. | Не преполнувајте ја корпата. |
| | Одредени видови состојки треба да се протресат на половина од времето на готвење. | Колку е пополна корпата, толку повеќе се препорачува почесто тресење. |

| Проблем | Можна причина | Решение |
|---|---|---|
| Апаратот Airfryer не се вклучува. | Апаратот не е приклучен. | Проверете дали приклучокот е соодветно вклучен во sидниот штекер. |
| | Во штекерот се приклучени повеќе апарати. | Апаратот Airfryer има голема моќност. Приклучете го во друг штекер и проверете ги осигурувачите. |
| Забележувам лупење на одредени места во внатрешноста на мојот Airfryer. | Во тавата на Airfryer може да се појават мали дамки поради случајни допири или гребење на површината (на пример, при чистење со груби алати за чистење и/или при вметнување на корпата). | Можете да спречите оштетување со правилно спуштање на корпата во тавата. Ако ја вметнете корпата под агол, нејзиниот страничен дел може да удри во sидот на тавата што предизвикува лупење на мали парчиња од површинскиот слој. Во таков случај, имајте предвид дека тоа не е штетно бидејќи сите материјали што се користат се безбедни за храната. |
| Од апаратот излегува бел чад. | Готвите масни состојки. | Внимателно истурете го вишокот масло или масти од тавата и продолжете со готвењето. |
| | Тавата сè уште содржи масни остатоци од претходна употреба. | Белиот чад е предизвикан од масните остатоци што се загреваат во тавата. Секогаш чистете ги тавата и корпата темелно по секоја употреба. |
| | Лебните трошки или смесата за панирање не се залепила добро за храната. | Ситните честички од смесата за панирање што се пренесуваат во воздухот може да предизвикаат бел чад. Цврсто притиснете ги лебните трошки или смесата за панирање на храната за добро да се залепат. |
| | Маринадата, течностите или соковите од месото прскаат во насобраните маснотии. | Соберете го вишокот течности од храната со тапкање пред да ја ставите во корпата. |

| Проблем | Можна причина | Решение |
|---|---|---|
| LED-индикаторот за Wi-Fi на мојот Airfryer престана да свети. | Врската на апаратот Airfryer со вашата Wi-Fi-мрежа се прекинала. Сте направиле промени во домашната Wi-Fi-мрежа. | Започнете го процесот на поставување Wi-Fi и следете ги упатствата во апликацијата. |
| Апликацијата покажува дека процесот на впарување е неуспешен. | Друг корисник го впарил апаратот Airfryer со различен паметен уред и во моментот готви. | Почекајте другиот корисник да заврши со тековниот процес на готвење и повторно впарете го вашиот паметен уред со Airfryer. |

© 2023 Philips Domestic Appliances Holding B.V.
Сите права се задржани.